РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-2176/1
03.10.2022 год.

Врз основа на Одлука бр. 0801-2132/1од 21.09.2022 год. за распишување на ЈАВЕН КОНКУРС за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2022/2023 година донесена од Советот на Општина Лозово и Решение бр. 0901-2168/1 од 03.10.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Лозово за формирање на Комисија за селекција и избор по поднесени пријави избор **Претседателот на комисијата на ден 03.10.2022 година објавува:**

# ЈАВЕН КОНКУРС

## За стипендирање на талентирани ученици и студенти за учебната 2022/2023 година

За учебната 2022/ 2023 година, Општина Лозово ќе додели:

- 2 стипендии на ученици од **I-IV** година во средно образование. Стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.
- 1 стипендија на студент со завршена најмалку една година од студиите во високото образование. Стипендијата е во висина од 3.000 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

### Услови за доделување на стипендии

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во средните училиштата и факултетите во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Редовни ученици од средно образование .
2. Редовни студенти со континуирано студирање и доказ за запишан семестар.
3. Да се жители на Општина Лозово и
4. Да се државјани на Република Македонија.

Секундарни услови со бодовна листа:

-средношколци или студенти кои живеат во семејство без родители – 35 бода

-средношколци или студенти кој живеат во семејство со еден родител- 20 бода

- средношколци или студенти кои потекнуваат од семејства приматели на гарантирана минимална помош-20 бода

- средношколци или студенти кои потекнуваат од многудетно семејство (3 или повеќе деца) – 15 бода

-успех од претходната година- 10 бода

### Потребни документи за учество на конкурсот за стипендии

1. Пријава од апликантите до Комисијата за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2022/2023 година.
2. Копија од извод од матична книга на родени на апликантот
3. Копија од свидетелство за завршена учебна 2021/2022

4. Уверение за положени испити.
5. Потврда за запишана година на факултетот.

6. Потврди од член од семејството примател на гарантирана минимална помош.
7. Фотокопија од лична карта или пасош.

**Место и рок за поднесување на документите**

Пријавата со потребните документи се доставуваат во затворено плико со назнака „За Комисијата за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2022/2023 година на Советот на Општина Лозово" ул.„Маршал Тито" бб Лозово по пошта без означување на апликантот кој ја поднесува пријавата, или лично во просториите на Локалната самоуправа.

- Рокот за поднесување на документите **е од 03.10.2022 до 15.10.2022** година.
- Пријавата може да се подигне заедно со другите обрасци во Општина Лозово
- Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Резултатите од конкурсот ќе бидат најдоцна до 25.10.2022 година.

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени на веб страната на Општина Лозово и истакнати на огласна табла во Општина Лозово.

Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Лозово во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Поблиски информации можат да се добијат во просториите на Општина Лозово или на телефонскиот број 032-458-458.

Конкурсот ќе биде објавен:

- на веб страната на Општина Лозово
- на огласна табла во Општина Лозово

ПРЕТСЕДАТЕЛ

03.10.2022 година

на

Комисија за стипендирање на

Средношколци и студенти

на Советот на Општина Лозово

Убавка Дончевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО ЛОЗОВО

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ОПШТИНА ЛОЗОВО
**Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Лозово**

# П Р И Ј А В А

Од ____________________________________________________________

(име и презиме)

Се пријавувам да бидам корисник на стипендија од Општина Лозово за учебната ______________ година што се доделува за талентирани ученици и студенти од Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти. Сметам дека ги исполнувам условите предвидени од страна на Комисијата и аргументирано ги доставувам сите потребни документи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Презиме татково име, име | | |
| 2. | Пол (машки - женски) | | |
| 3. | Ден, месец и година на раѓање | | |
| 4. | Место на раѓање, општина | | |
| 5. | Постојано живеење | Место | |
| | | Улица и број | |
| | | тел.бр. | |
| | | општина,држава | |
| 6. | Број на лична карта, пасош или исправа- кога и кој ја издал | | |
| 7. | Државјанство | | |
| 8. | Последен заверен семестар/ завршена учебна година | | |
| 9. | Занимање на родителите | Татко | |
| | | Мајка | |
| 10. | Дали досега сте користеле друга стипендија - наведете која | | |

Лозово, ______________ 2022 год.

Подносител на пријавата

__________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**
**на Советот на Општина Лозово**

# ИЗЈАВА

**за семејната положба на студентот/ ученикот**

Јас, долупотпишаниот/та ________________________________ студент/ ученик во __________ година при ____________________________ факултет/ училиште, со постојано место на живеење во _________ под морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам и тврдам дека семејството со кое живеам во заедница се состои од:

| | Сродство | Име и презиме | Датум на раѓање | Занимање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |

Заклучно со реден број ___________

Во Лозово,

__________, 2022 година

Изјавил,

______________________
(своерачен полн потпис)